ЕБОЛА (до 05.05.2014, 18 недела)

Во тек е епидемија од Ебола во регионот на Западна Африка, а зафатени се Гвинеја и Либерија.

До 05.05.2014 година, пријавени се 235 суспектни и лабораториски потврдени случаи, вклучувајќи и 157 смртни случаи (смртност од 66,8%) во Југоисточна **Гвинеја**. Од вкупниот број на заболени, 127 се лабораториски докажани со PCR. Во последната недела пријавени се 10 нови случаи, а починале 16.

Во **Либерија,** до 02.05.2014, Министерството за здравство пријави 13 случаи, од кои 6 потврдени, 2 можни и 5 сомнителни. Регистрирани се 11 смртни случаи (леталитет 84,6%).

Во **Сиера Леоне**, Министерството за здравство објави дека 98-те сомнителни случаи се тестирани негативни на ebolavirus.

Ова е прва епидемија на ебола во Гвинеја. Потеклото на оваа епидемија моментално е непознато.

Иако епидемијата се чини дека постигна плато, веројатно ќе бидат пријавени нови случаи во следните неколку недели во Гвинеја и Либерија, а исто така можеби и во соседните држави во регионот.

Сепак, мерките за контрола, како што се изолација на случаи и активно следење на контакти, во моментов се спроведуваат со поддршка на меѓународните партнери и треба да бидат достатни да ја контролираат оваа епидемија и да се спречи понатамошното ширење на болеста.

Ризикот од инфекција за патници се смета за многу низок, бидејќи повеќето хумани инфекции резултираат од директен контакт со телесни течности или секрети од инфицираните пациенти, особено во болниците (нозокомијален пренос) и како резултат на небезбедни процедури, употреба на контаминирани медицински помагала (вклучувајќи игли и шприцеви) и незаштитена изложеност на контаминирани телесни течности.

ECDC припреми Алатка за брза проценка на ризикот и внимателно ја следи ситуацијата.

Неавторизиран превод на документ на ECDC

(*http://www.ecdc.europa.eu/en/publications/Publications/communicable-disease-threats-report-04-may-2014.pdf*)

Сектор за контрола и превенција на заразни болести при ИЈЗ РМ